ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA

BUL. ASNOM BB
MK - 1000 SKOPJE
TEL. +389 2 3204 470
FAX. +389 2 3165 448
ffm@ffm.com.mk
www.ffm.mk

Објавува

# О Г Л А С

За ангажирање на два тренери (1 (еден) тренер за работа со фудбалери и 1 (еден) фитнес (кондиционен) тренер за учениците во паралелките по фудбал. Конкурсот се објавува согласно Критериумите за селекција на стручен тим на учениците во паралелките за фудбал, ракомет, кошарка и тенис во Република Македонија како и Правилникот за работа на Центарот за Едукација при Фудбалската федерација на Македонија, односно според Конвенцијата за меѓусебно признавање на тренерски квалификации на УЕФА.

**Услови кои кандидатите тренери треба да ги исполнат се:**

- да поседува најмалку УЕФА А тренерска диплома;
- потврда за најмалку 2 (две) години клубска работа во соодветната категорија за која е кандидат во последните 5 (пет) години или потврда за најмалку 5 (пет) години стаж како тренер со соодветна диплома издадена од ФФМ;
- потврда дека не е осудуван;
- потврда дека не му е изречена дисциплинска мерка од страна на дисциплински орган на ФФМ во последните 5 (пет) години;
- да има програма за работа за периодот за кој се избира со предлог очекувани резултати;
- да поседува комуникациски, организациски и менаџерски способности, како и способности за пренесување на знаења и вештини;
- потврда за постигнати резултати во неговата тренерска кариера;
- лекарско уверение издадено од специјализирана здравствена установа (завод за спортска медицина и сл.)

Сите заинтересирани кандидати своето **CV**, на македонски, со сите потребни документи во оригинал да ги достават до Фудбалската Федерација на Македонија (со назнака за Тренер во паралелките по фудбал во **Скопје**) по пошта на адреса, или лично во архивата на Фудбалската Федерација на Македонија во рок од 3 (три) дена од денот на објавувањето:

**Фудбалската Федерација на Македонија**
Бул***. АСНОМ - б.б.***
**1.000 СКОПЈЕ**

со назнака за ***Тренери во паралелките по фудбал*** **Скопје**

По приемот на документите ФФМ може да изврши дополнително тестирање на кандидатите кои ќе имаат исти или приближно исти резултати за влез во предвидената квота. Сите кандидати кои ќе ги исполнат условите за прием, ќе бидат дополнително информирани за понатамошните активности, додека некомплетните и неуредно доставени пријави нема да бидат разгледувани.

**Фудбалската Федерација на Македонија**
**Претседател,**
**ИЛЧО ЃОРЃИОСКИ**